Регион

Објавено на: 10.02.2010 14:51:46
Автор: Реџеп ЌамилиИзвор: Макфакс

# Топали: Можно враќање на опозицијата во парламентот

Бојкотот на собранието од албанската опозиција наскоро ќе заврши и јас сум голем оптимист дека пратениците од Социјалистичката партија (СП) ќе влезат во парламентот.



Бојкотот на собранието од албанската опозиција  наскоро ќе заврши и  јас сум голем оптимист дека пратениците од Социјалистичката партија (СП) ќе влезат во парламентот.Ова денеска го изјави претседателката на албанското собрание Јозефина Топали уверувајќи дека меѓу албанската влада и опозицијата би можело наскоро  да се најде заеднички јазик и тие да се вратат во собраниските клупи.На ова експресно реагираа социјалистите на Еди Рама, нагласувајќи дека само „отварање на изборните  кутиите би ставиле крај  на бојкотот во собранието“Пратениците од СП го напуштија собранието пред три месеци, поради како што велат  нерегуларно спроведените парламентарни избори од 28 Јуни минатата година/крај/рќ/

© Copyright 2010 | Макфакс